УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
L’UNIVERSITE “ST CYRILLE ET METHODE” – SKOPJE

**ГОДИШНИК
НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ
„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

| ГОДИШНИК | ТОМ 57 | СКОПЈЕ<br>SKOPJE | 2018 |
|---|---|---|---|

**ANNUAIRE
DE LA FACULTÉ DE DROIT
“IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE**

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР

**Главен и одговорен уредник**
проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева (Република Македонија)

**Уредувачки одбор за Годишникот по повод 40 години од основањето на студиите по новинарство**
проф.д-р Јасна Бачовска Недиќ (Република Македонија),
проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева (Република Македонија),
проф.д-р Даниела Блажевска (Република Македонија),
проф.д-р Биљана Петревска (Република Македонија),
проф.д-р Сеад Алиќ (Република Хрватска),
проф.д-р Гордана Виловиќ (Република Хрватска),
доц.д-р Александра Бракус (Република Србија),
асс.м-р Лидија Мирков (Република Србија),
проф.д-р Лејла Турчило (Република Босна и Херцеговина),
доц.д-р Мимо Драшковиќ (Република Црна Гора),
проф.д-р Ева Полак (Република Полска)
м-р Мери Марес (САД)

Секретар
доц. д-р Катерина Шапкова Коцевска (Република Македонија)

Правен факултет „Јустинијан Први“
Ул. Гоце Делчев 9б 1000 Скопје, Република Македонија

Лектура: Софија Чолаковска – Поповска

Печати: МАР-САЖ

Тираж - 150

Објавувањето на овој Годишник и подготовката на трудови чии што автори се вработени на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје е во рамки на Проектот “Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија“.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ

# ГОДИШНИК

## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

## ANNUAIRE DE LA FACULTÉ DE DROIT “IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE

ПО ПОВОД 40 ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО
НА СТУДИИТЕ ПО НОВИНАРСТВО

СКОПЈЕ 2018

## СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** .......... V

1. Петрушевска Татјана, Огњаноска Лепосава
ПОГЛАВЈАТА 23 И 24 ОД ACQUIS COMMUNAUTAIRE ВО КОНТЕКСТОТ НА ПОЛИТИКАТА НА УСЛОВУВАЊЕ ЗАРАДИ ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА: ПОЛИТИЧКИОТ И ТЕОРЕТСКИОТ КОНТЕКСТ .......... 1

2. Uzunov Vanco, Petrevska Biljana
TELEVISION ADVERTISING MARKET IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA .....25

3. Тренеска Дескоска Рената, Трајковска Христовска Јелена
ОДЛУЧУВАЊЕТО НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ .......... 47

4. Дескоски Тони, Доковски Вангел
ГРАНИЦИ НА АРБИТРАБИЛНОСТА ВО ПРАВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – анализа на споровите за надомест на штета предизвикана со клевета и навреда .......... 63

5. Груевски Томе
ТЕОРИИ ЗА УЛОГАТА НА МАСОВНИТЕ МЕДИУМИ .......... 83

6. Бачовска Недиќ Јасна
ИСТРАЖУВАЧКОТО НОВИНАРСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПОМЕЃУ ДОКТРИНАРНИТЕ АСПЕКТИ И ПОЗИТИВНИТЕ ПРАКТИКИ .......... 99

7. Груевска-Дракулевски Александра, Мисоски Бобан, Илиќ-Димоски Дивна
НАЧЕЛОТО НА ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ И НОВИНАРСКАТА ЕТИКА: СЛУЧАЈОТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .......... 115

8. Гавриловиќ Ненад
ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ЖИВОТНИ: СЕКТОРСКИ РЕЖИМ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА .......... 141

9. Божиновски Владимир
TOWARDS THE SOLUTION OF THE NAME ISSUE – PERCEPTIONS AND ATTITUDES IN 2016 .......... 175

10. Михајлова Стратилати Елена
МЕДИУМИТЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА .......... 203

11. Рајчиновска Пандева Ирена, Младенова Вики
ПОМЕЃУ ОТПОРОТ И СУВЕРЕНОТО ВЛАДЕЕЊЕ: БЕЛЕШКИ ЗА ГОВОРОТ И ЗДРУЖУВАЊЕТО (СЛУЧАЈОТ НА ТУРЦИЈА) .......... 211

12. Донев Дејан
ДО ВЕРОДОСТОЈНОСТ НА МЕДИУМИТЕ ПРЕКУ РАЗВИЕН ЕТОС
НА ПУБЛИКАТА И НЕЈЗИНА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ............................. 223

13. Вељановска Светлана, Петрески Арсе
МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ КАЈ ДЕЦАТА КАКО НАЧИН ЗА ЗАШТИТА
ОД МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ ............................................................... 235

14. Chupeska-Stanishkovska Ana
AUTHORITARIAN POPULISM MEDIATED - THE CASE OF MACEDONIA ....... 249

15. Ценевска Илина
ЕВРОПСКАТА УНИЈА КАКО ЕДЕН УНИКАТЕН ВИД НА СУВЕРЕНИТЕТ .... 261

16. Shapkova Kocevska Katerina
IS FREEDOM OF EXPRESSION ASSOCIATED WITH ECONOMIC
PROSPERITY? EVIDENCES FROM THE 21ST CENTURY .............................. 277

17. Трајкоска Жанета
ДЕКОНСТРУКЦИЈА НА МЕДИУМСКАТА МАНИПУЛАЦИЈА:
ПОСТОИ ЛИ ВИСТИНСКА РАЗЛИКА МЕЃУ ОДНОСИТЕ
СО ЈАВНОСТА И СПИНИНГОТ ................................................................ 289

18. Dragouni Olimpia
EXPRESSING MACEDONIA: FREEDOM OF SPEECH
IN THE GREEK-MACEDONIAN DISPUTE ...................................................... 315

19. Mironski Jasmina
FREEDOM OF EXPRESSION AND COMMUNICATION IN NEW MEDIA ............ 329



Проф. д-р Татјана Петрушевска*
М-р Лепосава Огњаноска*

# ПОГЛАВЈАТА 23 И 24 ОД *ACQUIS COMMUNAUTAIRE* ВО КОНТЕКСТОТ НА ПОЛИТИКАТА НА УСЛОВУВАЊЕ ЗАРАДИ ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА: ПОЛИТИЧКИОТ И ТЕОРЕТСКИОТ КОНТЕКСТ

341.171.071.51:021.461]:32
Рецензија – Изворна научна статија

**РЕЗИМЕ**

Целта на овој труд е да ги согледа клучните карактеристики на и тенденции во поглавјата 23 и 24 од acquis communautaire во контекстот на политиката на условување од страна на Европската унија. Појдовната претпоставка врз којашто понатаму консеквентно се развива трудот е дека условите за прием во членство непрестано стануваат сé потешки поради сé поопсежниот корпус на *acquis communautaire*, поради сé помалиот апсорпциски капацитет на Унијата како специфичен субјект на меѓународното право и актер во меѓународната арена и сé подлабоките проблеми во однос на демократијата и на владеењето на правото во државите-кандидатки за членство. Следствено, извонредно значаен дел од предизвиците кои бараат сериозно справување е вграден во поглавјата 23 и 24 за кои, меѓу другите, односно, заедно со сите други (повеќе од дури 30 - бројките варираат бидејќи се questio facti, односно, може да се разликуваат од држава-кандидат до држава-кандидат) поглавја врз основа на кои се одвиваат преговарачките процеси со државите-кандидати на нивниот пат кон, за среќа, сеуште големото европско семејство.

**КЛУЧНИ ИЗРАЗИ:** acquis communautaire на ЕУ; политичка унија на ЕУ; Договор од Лисабон; политика на условување; Европска унија; владеење на правото; поглавја 23 и 24; европеизација; демократизација; трансформативна моќ.

---

* Доктор на правни науки, Редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
* Магистер по меѓународно право

## THE INVESTIGATIVE JOURNALISM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA BETWEEN DOCTRINAL ASPECTS AND WESTERN PRACTICE OF INVESTIGATIVE JOURNALISM


### ABSTRACT

In the modern political environment, the active role of journalist is considered to be the most democratic corrective. In that sense, investigative journalism, as the most powerful form of journalism in recent history, contributed to the overthrow the government, arresting politicians, discovering corruption scandals errors in the judicial systems. In this paper there is definition of investigative journalism based on classical literature and European (western) practice of investigative journalism (a comparative approach). The purpose is to expertly determine the differences between conventional and investigative journalism.

In the context of such identified investigative journalism will be analyzed investigative journalism in the Republic of Macedonia based on research conducted in 2017. The paper might answer to several questions: whether there are conditions in the Republic of Macedonia and the media support investigative journalism, whether journalism recognize it and sufficiently specialized for research, as well as the trust of citizen in this type of journalism.


**KEY WORDS:** investigative journalism, conventional journalism, journalist, media.



Проф. д-р Александра Груевска-Дракулевски*
Проф. д-р Бобан Мисоски*
Доц. д-р Дивна Илиќ-Димоски*

# НАЧЕЛОТО НА ПРЕСУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ И НОВИНАРСКАТА ЕТИКА: СЛУЧАЈОТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

343.131.7:[174:050-51
Рецензија – Изворна научна статија


### АПСТРАКТ

Денес, пресумпцијата на невиност е уставна категорија и е дел од сите основни меѓународни правни акти за човековите права и слободи. „Се претпоставува дека не е виновен додека не се докаже виновен" е кардинален принцип на повеќето правни системи во светот, вклучувајќи ја и нашата земја.

Пресумпцијата на невиност е уставно начело во нашата земја (член 13 од Уставот на Република Македонија) и дополнително разработено со Законот за кривична постапка (член 2 од Законот за кривична постапка). Принципот подразбира дека лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино додека неговата вина не е утврдена со правосилна судска пресуда. Законот, исто така, предвидува обврска државните органи, медиумите и другите субјекти да се придржуваат кон овој принцип и со своите јавни изјави за тековната постапка не смеат да ги кршат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судските независност и непристрасност.

Сензационализмот во известувањето за судските предмети, објавувањето на идентитетот на осомничените, прикажување слики на притвор итн. директно го крши уставниот принцип на пресумпција на невиност, според кој


* Доктор на правни науки, Вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
* Доктор на правни науки, Вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
* Доктор на правни науки, Доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

лицето кое е обвинето за кривично дело се смета за невино сè додека не се докаже виновен со правосилна судска одлука.

Освен тоа, се чини дека е заборавено дека во Кодексот на новинари новинарите се обврзуваат дека начинот на информирање за судските постапки мора да биде ослободен од сензационализам и дека во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, понатаму, треба да се известува за сите страни вклучени во постапката и да не се сугерира пресуда (член 8 од Кодексот на новинари).

На пример, Советот на честа на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) реагира на известувањето на неколку медиуми за случаите „Пајажина", „Монструм" итн. Советот на честа укажува дека ваквите информации се спротивни на етичките принципи наведени во Кодексот на новинари. Правилата за известување за осомничените предвидуваат дека нивните лица не треба да се откриваат, а кога се емитуваат телевизиски снимки, лицата треба да бидат заштитени (со замаглување)

Затоа, трудот има цел да ја анализира новинарската етика при известување за криминал и деликвенција, а особено за кршење на принципот на пресумпција на невиност од страна на медиумите.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ**: криминал, деликвенција, сензационализам на медиумите во известувањето, начело на пресумпција на невиност, Кодекс на новинари.

## ВОВЕД

„Новинарите се очите и ушите на општеството. Тие собираат, селектираат и комуницираат милиони парчиња информации. Но, како што предупредува Маријана Џенингс (Marianne Jennings), некои новинари веруваат дека фактите се помалку важни од една приказна што ‘продава’ или која промовира кауза".[1]

[1] Marianne Jennings, “The Evolution-and Devolution-of Journalistic Ethics”, Imprimis, Volume 28, Number 7, July 1999. (https://imprimis.hillsdale.edu/the-evolutionand-devolutionof-journalistic-ethics/). (Пристапено на 29.1.2018 година).





Општеството е фасцинирано со криминал и правда. Од филмови, книги, весници, списанија, телевизиски емисии до секојдневни разговори, постојано сме вклучени во „муабети" за криминал.

Односот помеѓу медиумите, од една страна, и криминалитетот и делинквенцијата, од друга страна, може да се разгледува од неколку аспекти, и тоа: влијанието на медиумите врз криминалното и деликвентното однесување, искривената слика за криминалитетот и деликвенцијата, стравот од криминал, креирањето лажна слика за сторителите и за жртвите на криминалитет и деликвенција, како и искривена слика за (не)успешноста на органите на казнениот прогон, медиумите и непочитувањето на начелото на пресумпција на невиност од страна на медиумите.[2]

Средствата за јавно информирање играат важна улога во креирањето на криминалитетот и кривично-правниот систем. Граѓаните најчесто ја формираат сликата за криминалитетот и деликвенцијата врз основа на известувањата во медиумите. Перцепцијата на јавноста за жртвите, криминалците, девијантите, како и за спроведувањето на законот во голема мера е детерминирана од нивното претставување во медиумите.

Сликите со криминал и насилство што се претставени во медиумите се еден вид социјално учење и можат да поттикнат криминално однесување. Медиумите често се сфаќаат како отворен универзитет за криминал кој го шири знаењето за криминалните техники. Посебно новите видови медиуми нудат нови начини за извршување кривични дела. Од друга страна, доколку медиумите негативно известуваат за органите на казнениот прогон, тоа влијае на начин што јавноста ја преиспитува нивната ефикасност и ефективност, се доведува во прашање нивниот интегритет и легитимитет, а тоа понатаму ја разнишува усвоената контрола.

Постои шаблон во медиумското претставување на сторителите што не кореспондира со профилот на сторителите на кривични дела согласно со официјалната статистика и истражувањата. Сензационалистичкото известување за криминалитетот и деликвенцијата доведува до искривена слика за генералните трендови на криминалитетот и деликвенцијата.

Еден од аспектите на односот меѓу медиумите и криминалот и правдата е кршење на принципот на пресумпција на невиност. Непочитувањето на начелото на пресумпција на невиност стигматизира, ги етикетира лицата како

[2] За ова, в. повеќе: Груевска-Дракулевски, Александра, Мисоски, Бобан, Илиќ Димоски, Дивна „Медиумите и криминалитетот и делинквенцијата", Зборник на Правниот факултет„Јустинијан Први" – Скопје, 2016.

криминалци и тие се предмет на осуда од страна на јавноста, а притисокот од јавноста за нивна осуда со строги казни е особено значаен. Или, зголемената придружба на фотографии за старите кривични дела, особено поради тоа што се прикажуваат нивните сторители, повторно ги актуализира случаите и дополнително го задржува вниманието на читателите за нивно следење. Со тоа медиумите ја продолжуваат нивната стигматизација и осудување и таквата перцепција ја пренесуваат врз читателот.

Предмет на трудот е токму овој аспект, односно (не)почитување на начелто на пресумпција на невиност. Авторите се осврнуваат на новинарската етика за известување за криминал и деликвенција, а особено на повредите на принципот на пресумпција на невиност од страна на медиумите. Прво, авторите даваат кратко објаснување на принципот на пресумпција на невиност, а потоа ја нагласуваат важноста на новинарската етика при известување за кривичните предмети и ги анализираат случаите во кои, според Советот на честа на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), ЗНМ реагира на известувањето на неколку медиуми.

## 1. ЗА ПРИНЦИПОТ НА ПРЕСУМЦИЈА НА НЕВИНОСТ

Смислата на пресумпцијата на невиност се огледа во обезбедувањето на следниве неколку стандарди: никој не може да биде сметан за виновен, било од страна на судовите, државните органи или средствата за јавно информирање, ако претходно не е правосилно осуден во согласност со закон и во фер спроведена судска постапка; никој не смее да биде ставен во положба да ја докажува својата невиност;[3] во случај на сомнение за фактите и пресудата, тие мора да бидат во корист на обвинетиот, а судиите во текот на постапката мора да бидат непристрасни и независни, лишени од предрасуди и предубедувања.

[3] Треба да се напомене дека со појавата на новите форми на криминал, а особено организираниот криминал, а со тоа и потребата од ефикасна борба против него се наметнува можноста од прифаќање на стојалиштето за префлување на товарот на докажување. Генерално врзано за оспособувањето на системот за спротивставување на криминалот, префрлувањето на товарот на докажување, од друга страна, пак, јасно е дека би отворило дилема во системите кои држат до почитување на принципите на владеење на правото и заштитата на човековите права.





Сензационализмот во известувањето за судски случаи, објавувањето идентитет на осомничени, покажување снимки од нивно приведување и сл. дирекно го крши уставното начело на пресумпцијата на невиност.

За прво формално предвидување на пресумпцијата на невиност се смета член 9 од Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година, каде што стои дека... „секој се смета за невин сè додека не биде прогласен за виновен...“. Ова се смета за значајно, иако пресумпцијата на невиност тука не е установена како самостојно начело, туку како појдовна основа за заштита од непотребна строгост спрема неосудените лица коишто се уапсени.[4] За претпоставката на невиност се залага и Бекарија: „Никој не може да се смета за виновен пред да го осуди судот и општеството не смее да му ја скрати јавната заштита пред да биде утврдено дека ги повредил условите под кои таа заштита му е призната“.[5]

Денеска претпоставката за невиност е уставна категорија и е дел од сите основни меѓународни правни акти за правата и слободите на човекот. Дел е од Универзалната декларација за правата на човекот (член 11, став 1); Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (член 14, став 2), како и Американската конвенција за правата на човекот (член 8, став 2). Дека „за секого кој е обвинет за кривично дело ќе важи претпоставката дека е невин сè додека по закон не се докаже дека е виновен“ е предвидено и во член 6 став 2 од Европската конвенција за правата на човекот. Пресумпцијата на невиност дејствува сè додека постои обвинението, а тоа значи до правосилното завршување на кривичната постапка (Engel et al. v. The Netherlands; Phillips v. The United Kingdom; Barbera, Messegue and Jabardo v. Spain).

Посебно внимание на пресумпцијата на невиност обрнува и Европската Унија, која ја усвои „Зелената книга за пресумпцијата на невиност“ (*Green Paper on the Presumption of Innocence* COM (2006)174), според која пресумпцијата на невиност посебно го опфаќа товарот на докжаување, така што обвинителот мора да ја докаже вината на обвинетиот надвор од разумно сомневање (*beyond all reasonable doubt),* како и дека товарот на докажување само во определени случаи може да се префрли врз обвинетиот, како и правилегијата од себеобвинување.

[4] Beljanski, S. (2001). Međunarodni pravni standardi o krivičnom postupku. Beogradski centar za ljudksa prava. Beograd, стр. 55.
[5] Beccaria, C. (1984). O zločinima i kaznama. Split, стр. 88.

Претпоставката за невиност во еден од своите апсекти ја има заштитата на невините. Дека пресумпцијата на невиност како принцип којшто подразбира поставување на товарот на докажување врз обвинителството и барање за докажување на обвинението надвор од разумно сомневање е еден од инструментите за превенирање од погрешни осуди, укажува тоа што: 1) го алоцира товарот на докажување на страната во постапката која има повеќе ресурси така што на некој начин со ова се надоместува за нејзината „супериорност"; 2) го неутрализира ефектот на претпоставување дека обвинетиот е виновен, во таа смисла што инаку обвинетиот ќе биде соочен со претпоставката од страна на судиите или поротниците дека „мора да е поверојатно дека е виновен одошто дека не е, затоа што во спротивно не би ни имало обвинение и судење против него"; и 3) ризикот од неуспех во докажување паѓа врз обвинителството. Во исто време, пресумпцијата на невиност го промовира владеењето на правото, така што инсистира осудите да бидат резервирани само за оние случаи каде што вината на обвинетиот е јасно демонстрирана и утврдена.[6]

Пресумпцијата на невиност, кај нас како уставно начело (член 13 од Уставот на РМ), а понатаму разработено и во Законот за кривична постапка (член 2 од ЗКП), подразбира дека лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда. Законот, воедно, предвидува и обврска за државните органи, средствата за јавно информирање и другите субјекти да се придржуваат до овој принцип, а со своите јавни изјави за постапката што е во тек да не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судската независност и непристрасност. Токму како последица од обврската на органите да го презумираат обвинетиот за невин, произлегува и правилото дека во случај на сомневање во однос на постоењето или непостоењето на фактите што го чинат обележјето на кривичното дело или од кои зависи примената на некоја одредба од Кривичниот законик, судот ќе одлучи на начин поповолен за обвинетиот (*In dubio pro reo*) (в. член 4 ЗКП). Но, нормирањето на ова начело има повеќе декларативно и морално значење отколку правно или фактичко. Колку е ова начело делотворно зависи од низа други правила на кривичната процедура, која и без прокламација на начелата би оставила

[6] Stumer, A., (2010): The Presumption of Innocence – Evidential and Human Rights Perspectives, Hurt Publishing, Oxford and Portland, Oregon, стр. 27-51.





еднаква трага доколку на јасен и доследен начин таа биде разработена во дедукцијата на истата правна идеја.[7]

Иако почитувањето на пресумпцијата на невиност е превидено како обврска не само за судовите, туку и за другите државни органи, еден од нејзините најзначајни аспекти се чини е токму начинот на кој таа е третирана од страна на средствата за јавно информирање од аспект на публицитетот кој го добиваат определни кривични постапки и неговото влијание врз нивниот исход.

Имено, начинот на кој медиумите известуваат за сторените кривични дела односно за осомничените е комплексен проблем кој не само што влијае за создавање погрешна перцепцијата во јавноста туку е особено проблематично од аспект на правото на осомничениот односно обвинетиот на пресумпција на невиност. Па така, сензационализмот во известувањето за судски случаи, објавувањето идентитет на осомничени, покажување снимки од нивно приведување и сл. директно го крши уставното начело на пресумпција на невиноста. А притоа, изгледа, се заборава и дека во Кодексот на новинари новинарите се обврзуваат дека начинот на информирање за судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми, и дека во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда (член 8 Кодекс на новинари).

Ова дотолку повеќе ако се има предвид дека во најголемиот дел од случаите медиумите известуваат за имињата на осомничените во една многу рана фаза од постапката, често пати по штотуку поднесена кривична пријава, што значи дека сè уште не е поднесено ниту обвинение и дека сè уште не се работи за судска постапка.

На овој начин, не само што е доведено во прашање правото на осомничениот на пресумпција на невиност како такво, туку, независно од крајниот исход на постапката која може да заврши и со ослободителна пресуда, информациите кои преку медиумите се пренесени за тоа лице остануваат и понатаму негативно да се рефлектираат врз него. Така, да речеме, Советот на честа при Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) реагира за известувањето на повеќе медиуми за случаите „Пајажина", „Монструм" и сл. При известувањето за „Пајажина", Советот на честа оценил дека повеќе медиуми не го почитувале правилото за пресумпција на невиност, со

[7] Калајџиев, Г. (2006). Пресумпција на невиност, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" Скопје, во чест на Стрезо Стрезовски.

објавување на идентитетот на осомничени кои не се лица познати во пошироката јавност. „Советот на честа укажува дека таков начин на информирање се коси со етичките начела наведени во Кодексот на новинари. Правилата за известување за осомничени лица предвидува да не се откриваат нивните ликови, а при објавување на телевизиски снимки, ликовите да бидат заштитени (со замаглување)".

Зголемената придружба на фотографии за старите кривични дела, особено поради тоа што се прикажуваат нивните сторители, повторно ги актуализира случаите и дополнително го задржува вниманието на читателите за нивно следење. Пораката е дека против тие лица сè уште се води кривична постапка, со што медиумите ја продолжуваат нивната стигматизација и осудување и таквата перцепција ја пренесуваат врз читателот.[8]

Интересно е да се види и резонирањето на Европскиот суд за човекови права во случаите кога се работи за повредата на пресумпцијата на невиност од страна на медиумите. Имено, во случаите во кои судот ја разгледувал релацијата на двете конвенциски права – правото на пресумпција на невиност и, воопшто, правото на правична постапка, во врска со правото на слобода на изразување, тој го промовира ставот дека публицитетот пред судењето може негативно да влијае врз правичноста на кривичната постапка. Во таа смисла, во случајот „Кроцијани против Италија", Комисијата е на мислење дека слободата на печатот може да биде ограничена со обврската на државата да обезбеди обвинетите да добијат фер судење, без да им биде судено од страна на печатот (Crociani and others v. Italy, 1980 22 D.R., 147). Истиот став Комисијата го зазела и во случајот Ходгсон (Hodgson, Woolf Productions and the NUJ v. UK, 1988, 10 E.H.R.R., 503), велејќи дека потребата да се обезбеди правично судење и да се заштити поротата од влијанија може да се смета за важна општестевена потреба, која, пак, може да го оправда ограничувањето на слободата на печатот од член 10 од ЕКЧП, со тоа што тие ограничувања мора да бидат пропорционални.

## 2. КОДЕКС НА НОВИНАРСКА ЕТИКА

„Постојат повеќе дефиниции за поимот етика. Кај многу автори во научната литература изразите морал и етика се јавуваат како синоними. Тоа

[8] Стефановска, Весна (2015), „Медиумското прикажување на криминалитетот во дневните весници во Република Македонија", Факултет за безбедност – Скопје.





не е без причина бидејќи двата поима, едниот со својот латински, а другиот со својот грчки корен, се поврзани со обичаите, навиките и начините на однесување. Ваквите разлики на овие поими установиле два модела. Првиот модел е заснован на едно класично сфаќање. Моралот е исконска, првобитна интенција и се поврзува со збир на правила кои се наоѓаат во основата на дејствувањето на луѓето и односот меѓу луѓето, збир што човекот го прифаќа и се покорува на него за да живее во општеството. Моралот претендира на апсолутност и универзалност. Така, етиката се сфаќа како лично применување на одреден збир вредности кои поединецот ги прифаќа слободно и ги смета за правилни. Вториот модел на односи меѓу моралот и етиката предлага едно сфаќање на моралот кое во голема мера е релативно. Моралот е „збир на правила прифатени во одредена епоха и во одредено општество, напор што се вложува во приспособување на тие правила и поттикнување на нивното почитување. Што се однесува до етиката, таа се одредува како „наука чијшто предмет е донесување суд што претставува процена во таа смисла што се применува на разликување на доброто од злото".[9]/[10]

[9] Груевски, Томе (2011) „Односи со јавноста", Центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум", Скопје.

[10] Поим и дефиниција за етиката. Поимот етика, според англосаксонската традиција, може да се анализира на три нивоа:
- прво ниво: дескриптивно, спаѓа во доменот на социографските и историските анализи на моралните правила, по тоа што им е заедничко и по тоа во што се разликуваат во разни општества и разни епохи;
- второ ниво: нормативно, припаѓа на филозофијата на моралот, која настојува да определи од што се состојат доброто и злото, правичното и неправичното, и да прокламира должност и право;
- трето ниво: метаетичко, се наоѓа во доменот на една рефлексивна етика, која, од една страна, ги преиспитува епистемолошките, логичките или семантичките прашања кои се однесуваат на првите две нивоа, а, од друга страна, го надминува аспектот на формалната критика на моралниот дискурс, го преиспитува легитимитетот на практиката и на нормата. Овие три нивоа, секако, треба да се надополнат и со стратегиските димензии на етиката.
- Кога говориме за поимот етика, треба да ги истакнеме трите вида етика:
- дескриптивна етика, која се занимава со набљудување и опишување на практиката на информирање во смисла на блиска етиологија: обичаи и правилност во однесувањето на новинарите и медиумите, но и вредности на кои се повикува професионалната практика, имплицитно или експлицитно; тој опис го вклучува утврдувањето на стегата на која се подложени новинарите;

„Етиката на информирање се однесува на активноста на новинарите, на улогата на медиумите и на нивните односи со јавноста. Етиката е морално проценување на одделни одлуки и акции, како прифатливи или неприфатливи, од аспект на општите начела на однесување“.[11]

„Етиката е наука која човековите постапки ги набљудува од аспект на добро –лошо. Етиката е систем на вредности врз основа на што одлучуваме што е правилно или грешно, што е праведно а што е неправедно. Етиката се манифестира преку моралното однесување во конкретни ситуации“.[12]/[13]

Кодексот на етика во медиумите бил креиран по предлог на Комисијата Хатчинс од 1947 година. Тие сугерирале дека весниците, радиодифузерите и новинарите стануваат поодговорни за новинарството и мислеле дека треба да се сметаат за одговорни.[14]

- стратегиска етика, која се воведува во игра во расправите за регулирање на медиумите; таа е еден облик, често недозволен, што го прифаќа етиката тогаш кога тежнее да ги обесхрабри вплеткувањата што доаѓаат однадвор, како барање да се соопштува поволна слика за новинарската професија; таа претставува професионална етика што јавно се декларира како таква, дури и по цена на изложување на опасност за неа да може да се каже и да се тврди етиката има своја смисла.
- нормативна етика, која ги прогласува должностите и правата; таа на полето на посебната примена на новинарството одговара на професионалните правила чиешто спроведување го надгледуваат органите, како што се советите за печатот или омбудсманот; нормативната етика обезбедува регулирање на практиката (Korni, D . 1999:10-12) цит. во Груевски, Томе (2011) „Односи со јавноста“, Центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум“, Скопје.

[11] Груевски, Томе (2011) „Односи со јавноста“, Центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум“, Скопје.

[12] Ibid.

[13] „Постојат тешкотии при одредувањето дали нешто е морално или неморално, дали нешто е добро наспроти тоа што е лошо. Тоа одредување зависи од различни стандарди и сфаќања. Филозофите велат дека постојат три основни вредносни ориентации: апсолутистичка, егзистенцијалистичка и ситуациска. Апсолутистите сметаат дека секоја одлука е или добра или лоша без оглед на нејзините последици. Егзистенцијалистите ги донесуваат своите одлуки врз основа на моменталниот рационален избор. Одлуките на ситуационистите се засновани на тоа што би можело да предизвика најмала штета или да донесе најголема корист“ (Vilkox, D. и др., 2006:60) цит. во Груевски, Томе (2011) „Односи со јавноста“, Центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум“, Скопје.

[14] The Hutchins Commission (официјалното име било Комисија за слобода на печатот (Commission on Freedom of the Press). (https://www.poynter.org/news/today-media-





Новинарската етика и стандарди ги опфаќа етичките принципи и добрата практика согласно со специфичните предизвици со кои се соочуваат новинарите. Ова за новинарите претставува „етички кодекс“ или „канони на новинарството“.[15] Американското здружение на уредници на вести (ASNE) во „Изјавата за принципи“ предвидува шест основни принципи за новинарите, и тоа: одговорност, слобода на печатот, независност, вистина и точност, непристрасност и фер игра. На овој начин, како што се истакнува, „овие принципи се наменети за зачувување, заштита и зајакнување на врската на доверба и почит меѓу американските новинари и американскиот народ, обврзница која е од суштинско значење за да се одржи доделувањето на слободата што им е доверено на основачите на нацијата“.[16]

Постојат бројни разлики помеѓу постоечките кодекси, сепак, повеќето имаат заеднички елементи, вклучувајќи ги и принципите на вистинитост, точност, објективност, непристрасност, правичност и јавна одговорност, бидејќи тие се однесуваат на стекнување нови информации и нивно пренесување во јавноста. Како и многу пошироки етички системи, новинарската етика го вклучува и принципот на „ограничување на штетата“. Ова честопати вклучува необјавување на одредени детали од извештаи, како што се имиња на малолетни деца, имиња на жртви на криминал или информации кои не се материјално поврзани со веста, кои, на пример, би можеле да наштетат на нечија репутација. Овие клучни принципи ги среќаваме, пред сè, во следниве новинарски етички кодекси: Етичкиот кодекс на Асоцијацијата на професионални новинари;[17] Декларацијата на принципите за однесување на новинарите на Меѓународната федерација на новинари (IFJ);[18] Изјавата за етички

history-1947-press-reported-hutchins-commission-report). Пристапено на 29.1.2018 година.

[15] American Society of News Editors (ASNE), "Statement of Principles". (http://asne.org/content.asp?pl=24&sl=171&contentid=171). Пристапено на: 29.1.2018 година.

[16] Ibid.

[17] American Society of News Editors (ASNE), "Statement of Principles". (http://asne.org/content.asp?pl=24&sl=171&contentid=171). Пристапено на: 29.1.2018 година.

[18] International Federation of Journalists (IFJ) Declaration of Principles on the Conduct of Journalists (Adopted by 1954 World Congress of the International Federation of Journalists - IFJ. Amended by the 1986 World Congress.) (http://www.ifj.org/about-ifj/ifj-code-of-principles/). Пристапено на: 29.1.2018 година.

принципи на Associated Press Managing Editors (APME),[19] Кодексот на етика на Здружението на професионални новинари (SPJ)[20] итн.

Некои новинарски кодекси за етика, особено европските, исто така, се осврнуваат на почитувањето на пресумпцијата на невиност. Така, Парламентарното собрание на Советот на Европа ја одобри Резолуцијата 1003 за етика на новинарството од 1993 година, која им препорачува на новинарите да ја почитуваат пресумпцијата на невиност, особено во случаи кои сè уште се во постапка *(sub judice)*.[21]

Согласно со Етичкиот кодекс на Асоцијацијата на професионални новинари: Етички кодекс, кој е во сила денес, „Главната мантра на овој кодекс е 'Побарајте ја вистината и известувајте!' " (Straubhaar, LaRose & Davenport, Pg.478).[22] Кодексот, исто така, наведува дека „новинарите треба да бидат чесни, фер и храбри во собирањето, известувањето и толкувањето на информациите". Особено се акцентира потребата новинарите да ја минимизираат штетата, да дејствуваат независно и да бидат одговорни".[23]

Понатаму во трудот се осврнуваме на основните принципи на однесување на новинарите во Република Македонија согласно со Кодексот на новинари.

---

[19] Associated Press Managing Editors (APME), Statement of Ethical Principles (Adopted 1994 as revision to Associated Press Managing Editors (APME) Code of Ethics). (https://web.archive.org/web/20080622123407/http:/www.apme.com/ethics/). Пристапено на: 29.1.2018 година.

[20] Society of Professional Journalists (SPJ), "Code of Ethics". (https://www.spj.org/ethicscode.asp). Пристапено на: 29.1.2018 година.

[21] В. Клаузула 22 од PACE Resolution 1003 (1993) on the Ethics of Journalism (https://web.archive.org/web/20090626122000/http:/assembly.coe.int/Main.asp?link=http%3A%2F%2Fassembly.coe.int%2FDocuments%2FAdoptedText%2Fta93%2Feres1003.htm). Пристапено на: 29.1.2018 година.
(22. In journalism, information and opinions must respect the presumption of innocence, in particular in cases which are still sub judice, and must refrain from making judgments.
22. Во новинарството, информациите и мислењата мора да ја почитуваат пресумпцијата на невиност, особено во случаи кои сè уште се во постапка и мора да се воздржат од сугерирање пресуда.)

[22] Society of Professional Journalists (SPJ), "Code of Ethics". https://www.spj.org/ethics-code.asp Пристапено на: 29.1.2018 година.

[23] Ibid.





## 2.1Кодекс на новинари на Македонија

Според Кодексот на новинари на Македонија,[24] принципите на однесување на новинарите се следниве:

„Слободата на медиумите е неприкосновено право. Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија".[25]

Понатаму, „Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни. Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и искривувањето на вестите. Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот".[26]

Оттука, новинарската етика недвосмислено бара од новинарите при известувањето за криминал и деликвенција да бидат на браникот на човековите слободи и права и достоинство, оттука, почитувајќи го уставното начело на пресумпција на невиност ќе придонесат за јакнење на правната држава.

Согласно со првото правило од Кодексот, „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема

---

[24] Кодекс на новинарите на Македонија, Здружение на новинари на Македонија, членка на Меѓународната федерација на новинари IFJ, Скопје 14.11.2001 година. http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440 Пристапено на 25.1.2018 година.

[25] Член 16, Устав на РМ: „Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета".

[26] В. Кодекс на новинарите на Македонија.

да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е можно тоа".

Посебно кога станува збор за почитување на начелото на пресумпција на невиност, Кодексот акцентира дека „начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда".[27]

Кодексот посебно внимание посветува и на ранливите категории, оттука: „Новинарот не смее да интервјуира или да фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото тоа се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат".[28]

Во Кодексот посебно се акцентира потребата од почитување на човековите слободи и права од страна на медиумите, потоа забраната да се шири говор на омраза, како и да се поттикнува на насилство и дискриминација.[29]

Понатаму, во Кодексот се предвидени и серија други правила на однесување на новинарите засновани на генералните принципи на Кодесот и етички вредности.[30]

[27] Правило 8, Кодекс на новинарите на Македонија.
[28] Правило 9, Кодекс на новинарите на Македонија.
[29] Правило 10, Кодекс на новинарите на Македонија: „Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)".
Правило 11, Кодекс на новинарите на Македонија: „Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија".
[30] 2. Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација има право за тоа да ја информира јавноста.
3. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.
4. Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.





Согласно со Кодексот, „Новинарите кои работат во согласност со овој кодекс ја уживаат поддршката на својата медиумска куќа и на својата професионална организација. А за почитувањето на принципите од Кодексот се грижи Советот на честа на Здружението на новинари на Македонија".

„Во согласност со законите на Република Македонија, новинарите ќе го прифатат судот во однос на професијата само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание".[31] Кога станува збор за темата што е предмет на обработка на овој труд, посебно треба да се нагласи потребата новинарите да бидат ослободени од какво било политичко и друго влијание, посебно кога известуваат за кривични предмети, бидејќи, пред сè, политичкото влијание е причина за кршење на принципот на пресумпција на невиност.

Понатаму во трудот се осврнуваме на некои покарактеристични случаи на кршење на уставното начело на пресумпција на невиност.

5. Новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или скрие нешто што е во спротивност со јавниот интерес.
6. Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист. Митото, корупцијата и изнудувањето се неспојливи со новинарската професија. Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата.
7. Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес.
Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.
12. Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.
13. Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.
14. Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.
15. Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.
16. Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.
17. Новинарот има право да одбие работна задача доколку е во спротивност со принципите на овој кодекс.
[31] Кодекс на новинари на Македонија.

## 3. СЛУЧАИ НА КРШЕЊЕ НА ПРИНЦИПОТ НА ПРЕСУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Анализирајќи го известувањето на судските постапки од страна на медиумите во Република Македонија, особено имајќи го предвид принципот на пресумпција на невиност на обвинетите, брзо и лесно се добива заклучокот дека новинарите во многу голем број од случаите ги заобиколуваат правилата на новинарската струка и на Етичкиот кодекс.

Па така, најчесто сме сведоци на практиката на кршење на правилата 8 и 9 од Кодексот при известувањето за судските постапки што се водат во Република Македонија. Притоа, повредата во прв ред се однесува на правилото 8 од Кодексот, каде што новинарите за судските постапки најчесто известуваат или сензационалистички или без да ја почитуваат пресумпцијата на невиност на обвинетите лица. Па така, оваа повреда на Кодексот е сè поприсутна, што се чини дека јавноста дури го има и поткренато прагот на „дразба" за критичка анализа и неприфаќање на ваквиот начин на известување од страна на „непристрасните" припадници на седмата сила.

Случаите на повреда на правилото 8 од Кодексот што првенствено се однесува на почитувањето на пресумпцијата на невиност при известувањето за судските постапки од страна на медиумите во Република Македонија може да се подели на неколку облици.

Првиот облик се однесува на повредата на етичките правила во однос на известувањето за судските постапки, при што се крши правото на пресумпција на невиност на осомничениот/обвинетиот, уредени и во Уставот на Република Македонија и во Законот за кривична постапка.

Па така, следено во подолг временски период, се чини дека е присутна практиката повреда на правото на пресумпција на невиност на обвинетите кога, најчесто, не се претставувани со анонимизирање на идентитетот или заматување на нивните лица при емитувањето на снимките кога се водат во суд во текот на истражната постапка. Ова е особено присутно кога се известува за случаите на т.н. „*high profile*" криминал сторен од припадниците на политичките елити и високите јавни функциониери.[32]

Во таа насока, покрај правилата за заматување на ликот и заштита на идентитетот на осомничениот/обвинетиот неретка е практиката кога новинарите – известувачите не ја задржуваат својата објективност и при известувањето не наведуваат дека се работи за осомничено лице кое „наводно" сторило определно кривичното дело.[33] Односно, и покрај прифатливата практика на намалена заштитата на правото на приватност на функционерите кои се припадници на политичките елити,[34] сепак, евидентна е практиката кога новинарите при известувањето за судски постапки што се водат против овие лица во ниту еден случај не се обидуваат да го почитуваат нивното уставно и законски загарантирано право на пресумпција на невиност барем преку известувањето дека се осомничени/обвинети за „наводно" сторени определени кривични дела. Наместо ова, во јавноста се сервираат информации најчесто препишани од кривичните пријави или обвиненијата за тоа како осомничените или обвинетите лица го сториле конкретното кривично дело.

Примери за оваа практика на новинарско известување од поново време, на пример, се евидентни при известувањето на речиси сите случаи поведени од страна на Специјалното јавно обвинителство за гонење на сторителите на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, или популарно нареченото СЈО.

Во таа насока, и покрај правилната постапка за анонимизирање на имињата и личните податоци на осомничените или обвинетите лица, при официјалните прес-конференции на СЈО, новинарите најчесто оперираат со имиња и презимиња, како и со лични податоци на овие лица, без какви било обиди за заштита на пресумпцијата на невиност на овие лица. Притоа, кај новинарите не би требало да се толерира оваа практика на непочитување на правилото 8 од Кодексот, без оглед на фактот дека за случаите од СЈО обвинетите лица најчесто се доволно познати и препознатливи во јавноста и покрај обидите на нивно анонимизирање.

Повредата на правилото 8 од Кодексот може да се увиди низ долга низа примери од новинарските стории, низ кои сведоци сме на еден облик на кршење на принципот на пресумпција на невиност на обвинетите лица, на тој начин што дури и се води политичка хајка против политичките неистомисленици. Притоа, кршењето на правото на пресумпција на невиност на осомничените/обвинетите е од типот на емитување снимки од лишувањето од слобода

[32] Види ги извештаите и анализите од ЗНМ, достапни на: http://znm.org.mk/?cat=169

[33] Види: М. Тунева, Ф. Кока, „Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија", ЗНМ, Скопје, 2016, стр. 66-69

[34] Види: Е. Стојановска, Ј. Ананиевска, „Приватност, информирање, и јавниот интерес: правото на приватност наспроти правото на јавноста да знае", Институт за комуникациски студии, Скопје, 2016.

и/или од вршењето претреси на домовите на овие лица без соодветна анонимизација, со што се доведува во прашање информативната вредност на овие снимки, што може да биде протолкувано само во насока на лична дисквалификација на лицата против кои се воделе(ат) кривичните постапки. Од многуте примери за оваа практика, може да споменеме неколку, како што се, на пример, случаите кога се лишувани од слобода Љубе Бошкоски, новинарот Томислав Кежаровски и сл.[35]

Дотолку повеќе, обликот за лична дисквалификација како облик на кршење на пресумпцијата на невиност имавме во повеќе наврати во случаите на емисијата *"Late Night"* од страна на новинарот Миленко Неделковски, за што има реагирано и Судот на честа на ЗНМ и АВМУ и неколку невладини организации, кога покрај вакво кршење на личните права на лицата за кои се правеше информацијата, авторот/водителот на емисијата изнесува и говор на омраза.[36]

Личната деградација и навивачки дух во известувањето, како начин на кршење на пресумпцијата на невиност беше присутна и при известувањето на протестите од т.н. Шарена револуција или од Студентските протести во 2015 година, каде што дури имаше практика на некои медиуми (на пример „Курир") за јавно етикетирање на некои лица преку заокружување на нивните лица како учесници на протестите и барање јавна одмазда спрема нивното практицирање на граѓанските права.

Кршење на принципот на пресумпција на невиност беше евидентирана и во повеќе други медиумски експонирани случаи, како што се случаите „Змиско око", „Пајажина", „Монструм" и други[37] за кои преку соопштенија реагираше и ЗНМ, а забелешките особено се движеа во насока на незаматување на ликовите на осомничените или преку објавувањето на личните податоци на овие лица.

Вториот облик на повреда на презумпцијата на невиност е поврзана со правилото за непристрасност на медиумите при известувањето за овие случаи, а имајќи ја предвид политичката проминиенција на медиумите, колку и чудно да звучи ова. Имено, наместо објективно и непристрасно известување

[35] За повеќето од овие примери има реагирано и Судот на честа при ЗНМ, види: http://znm.org.mk/?page_id=1362

[36] Последен пример од овој автор е емисијата од 27 јануари 2018 г., за кого реагира Хелсиншкиот комитет за човекови права во РМ, http://mhc.org.mk/announcements/719?locale=mk#.Wn27R6inHIU

[37] Види ги анализите на сајтот: http://proverkanafakti.mk/category/analizi/





за овие случаи, медиумите најчесто сервираат информации со кои или се осудува или се банализира работата на СЈО, до определена мера дури и како предавничка (ТВ Нова, „Курир", Нетпрес и сл.), во овој случај говориме за медиумски куќи бидејќи овие текстови најчесто не се потпишани со конкретен автор и единствено може да се сметаат како дел на редакцијата, или се воспева нивната работа како херои на браникот на борбата за политичка егзистенција (Саше Политико, кој најчесто сам се потпишува зад своите текстови и сл.). Притоа, новинарите во овие случаи ја заборавaат нивната улога на информатори на јавноста, а своите постапки на јавно политичко (дис)квалифицирање ги оправдуваат како политички коментар или уредувачка политика.[38]

На тој начин преку ваквото известување не само што не станува збор за непристрасно информирање, туку се прави целосно искривување на фактите, до степен на непрепознатливост. Односно, доколку следите вест на два различни медиума, тогаш може да стекнете впечаток дека се работи за два паралелни настани со исти учесници, чии права на пресумпција на невиност на никаков начин не се заштитени.

Како пример за оваа практика може да бидат информациите за настаните во периодот од парламентарните избори во декември 2016 година, па сè до 27 април 2017 година – денот кога се случија немилите акти на насилството во Собранието на Република Македонија или уште попознат во јавноста како „крвавиот четврток". Имено, во овој период кај медиумите е особено присутна практиката на сензационалистичко известување и изразито политички сензибилизирано известување, преку лична деградација, па дури и „сатанизирање" на одделни личности од политичката сцена во Република Македонија. Притоа, особено беа евидентни политички обоените известувања во врска со граѓанските протести и движења, кои, за жал, резултираа со крвави насилства, кои бездруго беа поттикнати и од несоодветната и непрофесионална улога на медиумите кои во повеќе случаи служеа како сервиси на определени политички и/или парадржавни структури.

Преку овој начин на известување, всушност, новинарите не само што го кршат правото на пресумпција на невиност на осомничените/обвинетите, односно на лицата за кои тие известуваат, туку во определен случај начинот на нивното известување може да се толкува и како обид за конкретно влијание врз судот и неговото одлучување.

[38] Ibid.

Како епилог од наведените примери, за жал, може да констатираме дека е евидентен низок степен на медиумска култура и писменост кај припадниците на „седмата сила“ во поглед на професионалност и почитување на одредбите од Кодексот на новинари, како и отсуство или немање на ефект од реакциите на Судот на честа на еснафските новинарски здруженија, со што само се штети на и онака намалениот углед и реноме на новинарската фела во Република Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

„Се претпоставува дека не е виновен додека не се докаже виновен“ е кардинален принцип на повеќето правни системи во светот, вклучувајќи ја и нашата земја. Денес, пресумпцијата на невиност е уставна категорија и е дел од сите основни меѓународни правни акти за човековите права и слободи.

Пресумпцијата на невиност е уставно начело во нашата земја (член 13 од Уставот на Република Македонија) и дополнително разработено со Законот за кривична постапка (член 2 од Законот за кривична постапка). Принципот подразбира дека лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино додека неговата вина не е утврдена со правосилна судска пресуда. Законот, исто така, предвидува обврска државните органи, медиумите и другите субјекти да се придржуваат кон овој принцип и со своите јавни изјави за тековната постапка не смеат да ги кршат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судските независност и непристрасност.

Сензационализмот во известувањето за судски предмети, објавувањето идентитет на осомничените, прикажувањето слики на притвор итн. директно го кршат уставниот принцип на пресумпција на невиност, според кој лицето кое е обвинето за кривично дело се смета за невино сè додека не се докаже виновно со правосилна судска одлука.

Освен тоа, се чини дека е заборавено дека во Кодексот на новинари новинарите се обврзуваат дека начинот на информирање за судските постапки мора да биде ослободен од сензационализам и дека во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумција на невиност, понатаму, треба да се известува за сите страни вклучени во постапката и да не се сугерира пресуда (член 8 од Кодексот на новинари).

Повредата на правилото 8 од Кодексот може да се увиди низ долга низа примери од новинарските стории, низ кои сведоци сме на еден облик на





кршење на принципот на пресумпција на невиност на обвинетите лица, на тој начин што дури и се води политичка хајка против политичките неистомисленици. Притоа, кршењето на правото на пресумпција на невиност на осомничените/обвинетите е од типот на емитување снимки од лишувањето од слобода и/или од вршењето претреси на домовите на овие лица без соодветна анонимизација, со што се доведува до прашање информативната вредност на овие снимки, што може да биде протолкувано само во насока на лична дисквалификација на лицата против кои се воделе(ат) кривичните постапки. На пример, Советот на честа на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) реагира на известувањето на неколку медиуми за случаите „Пајажина“, „Монструм“ итн. Советот на честа укажува дека ваквите информации се спротивни на етичките принципи наведени во Кодексот на новинари. Правилата за известување за осомничените предвидуваат дека нивните лица не треба да се откриваат, а кога се емитуваат телевизиски снимки, лицата треба да бидат заштитени (со замаглување).

Во Република Македонија постои потреба од вршење истражувања за оваа проблематика што би биле во насока да ги детерминираат клучните проблеми на односот помеѓу медиумите и криминалитетот и деликвенцијата, што понатаму ќе резултира со поставување систем на мерки за превенирање на негативното влијание на медиумие врз криминалното однесување.

Сосема на крајот, може да заклучиме дека медиумите нема да престанат да известуваат за криминалитет и деликвенција, но, сепак, сознанијата презентирани во овој труд, пред сè, за негативното влијание на медиумите врз криминалното однесување, треба барем малку да ги замислат медиумите пред да ја пренесат веста и во иднина да не се водат од познатата изрека ‘If it bleeds, it leads’ („Ако крвави, тоа води“) при креирањето на уредувачката политика на медиумот. А Кодексот на новинари ќе биде императив во нивното професионално работење.

## ЛИТЕРАТУРА

American Society of News Editors (ASNE), "Statement of Principles". (http://asne.org/content.asp?pl=24&sl=171&contentid=171).
Пристапено на: 29.1.2018 година.

Associated Press Managing Editors (APME), Statement of Ethical Principles (Adopted 1994 as revision to Associated Press Managing Editors (APME) Code of Ethics).

(https://web.archive.org/web/20080622123407/http:/www.apme.com/ethics/). Пристапено на: 29.1.2018 година.

Bandura A. (1977). Social Learning Theory. Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall.

Beccaria, C. (1984). O zločinima i kaznama. Split.

Beljanski, S. (2001). Međunarodni pravni standardi o krivičnom postupku. Beogradski centar za ljudksa prava. Beograd.

Bushman, B. J., and Geen, R.G. (1990). Role of cognitive-emotional mediators and individual differences in the effects of the media violence on aggression. Journal of Personality and Social Psychology, 58, 156-163.

Dowler, Kenneth (2003). Media Consumption and Public Attitudes toward Crime and Justice: The Relationship between Fear of Crime, Punitive Attitudes, and Perceived Police Effectiveness". Journal of Criminal Justice and Popular Culture, 10(2) (2003) 109-126.

Emanuelsson, Anette and Mele, Romina (2003). Impact of media on fear of crime? The Mean World Syndrome". the Reporting on Risk Class, Fall 2003. (http://www.svj.hvu.nl/mediahype/risk4/page2.htm).

Finckenauer, J. O., and P. W. Gavin, (1999). Scared Straight: The Panacea Phenomenon revisited. Prospect Heights, IL: Waveland Press.

Geen, R.G. (1990). Human Agression. Pacific Groove, Ca: Brooks Cole Publishing.

Geen, R.G., and Thomas, S L., (1986). The immediate effects of media violence on behavior, Journal of Social Issues, 42, 7-28.

Huesmann L.R. (1988). An Information Processing Model for the Development of Agression, Aggressive Behavior, 14, 13-24.

Huesmann, L. R., and Miller, L.S., (1994). Long-term effects of repeated exposure to media violence in childhood, Aggressive behavior, Springer.

International Federation of Journalists (IFJ) Declaration of Principles on the Conduct of Journalists (Adopted by 1954 World Congress of the International Federation of Journalists - IFJ. Amended by the 1986 World Congress.) (http://www.ifj.org/about-ifj/ifj-code-of-principles/). Пристапено на: 29.1.2018 година.

Marianne Jennings, "The Evolution-and Devolution-of Journalistic Ethics", Imprimis, Volume 28, Number 7, July 1999. (https://imprimis.hillsdale.edu/the-evolutionand-devolutionof-journalistic-ethics/). (Пристапено на 29.1.2018 година).

PACE Resolution 1003 (1993) on the Ethics of Journalism (https://web.archive.org/web/20090626122000/http:/assembly.coe.int/Main.asp?link=http%3A%2F%2Fassembly.coe.int%2FDocuments%2FAdoptedText%2Fta93%2Feres1003.htm). Пристапено на: 29.1.2018 година.

Reiner, Robert (2002). Media Made Criminality: The Representation of Crime in the Mass Media in Maguire, Mike, Morgan, Rod and Reiner, Robert (Eds.). The Oxford Handbook of Criminology, third edition, Oxford University Press.

Society of Professional Journalists (SPJ), "Code of Ethics". (https://www.spj.org/ethicscode.asp). Пристапено на : 29.1.2018 година.





Stumer, A., (2010): The Presumption of Innocence – Evidential and Human Rights Perspectives, Hurt Publishing, Oxford and Portland, Oregon.

The Hutchins Commission (официјалното име било Комисија за слобода на печатот (Commission on Freedom of the Press). (https://www.poynter.org/news/today-media-history-1947-press-reported-hutchins-commission-report). Пристапено на 29.1.2018 година.

Груевска-Дракулевски (2012) „Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007–2011", Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 18 и 19, бр. 1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, „2 Август С" – Штип, стр. 157-198.

Груевска-Дракулевски, Александра, Мисоски, Бобан, Илиќ Димоски, Дивна „Медиумите и криминалитетот и деликвенцијата", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, 2016.

Груевски, Томе (2011) „Односи со јавноста", Центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум", Скопје.

Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година.

Европска конвенција за правата на човекот, достапно на http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

Закон за кривична постапка, „Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2010.

Зелената книга за пресумпцијата на невиност (Green Paper on the Presumption of Innocence), COM (2006)174, достапно на: http://eur-lex.europa.eu/smartapi/cgi/sga_doc?smartapi!celexplus!prod!DocNumber&lg=en&type_doc=COMfinal&an_doc=2006&nu_doc=174

Калајџиев, Г. (2006). Пресумпција на невиност, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" Скопје, во чест на Стрезо Стрезовски.

Кениг, Николина (2013) „Известување за семејното насилство во печатените медиуми: состојба и препораки" во Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 20, бр. 1, 2013, ISSN 1409-5327, Скопје: „2 Август С" – Штип.

Кодекс на новинари на Македонија, Здружение на новинари на Македонија, членка на Меѓународната федерација на новинари IFJ, Скопје 14.11.2001 година. http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440 (Пристапено на 25.1.2018 година).

Стандардни минимални правила на ООН за администрација на малолетничката правда – Пекиншки правила (UN Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice (Beijing Rules)), усвоени од Генералното собрание на ОН, со Резолуција 40/33 од 1985 година. http://www.ohchr.org/Documents/ProfessionalInterest/beijingrules.pdf

Стефановска, Весна (2015), „Медиумското прикажување на криминалитетот во дневните весници во Република Македонија“, Факултет за безбедност – Скопје.

Стојановска, Е., Ј. Ананиевска, „Приватност, информирање, и јавниот интерес: правото на приватност наспроти правото на јавноста да знае“, Институт за комуникациски студии – Скопје, 2016.

Тунева, М., Ф. Кока, „Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија“, ЗНМ, Скопје, 2016, стр. 66-69

Упатства на ООН за превенција на малолетничката деликвенција (Ријадски упатства), United Nations Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency (The Riyadh Guidelines), усвоени од Генералното собрание на ОН, со Резолуција 45/112 од 1990 година. http://www.un.org/documents/ga/res/45/a45r112.htm

Устав на Република Македонија.

Хелсиншки комитет за човекови права во РМ, http://mhc.org.mk/announcements/719?locale=mk#.Wn27R6inHIU

http://proverkanafakti.mk/category/analizi/

http://znm.org.mk/?cat=169

http://znm.org.mk/?page_id=1362





# PRESUMPTION OF INNOCENCE AND JOURNALISTIC ETHICS: THE CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

## SUMMARY

Nowadays, the presumption of innocence is a constitutional category and is part of all the basic international legal acts on human rights and freedoms. 'Presumed innocent until proven guilty' is a cardinal principle of most legal systems across the world including our country.

The presumption of innocence is a constitutional principle in our country (Article 13 of the Constitution of the Republic of Macedonia) and further developed by the Law on Criminal Procedure (Article 2 of the Criminal Procedure Code). The principle implies that a person charged with a crime will be considered innocent until his guilty is not established by a final court verdict. The Law also stipulates an obligation for the state bodies, the media and other entities to adhere to this principle, and with their public statements about the ongoing procedure, must not violate the rights of the accused and the injured party, as well as the judicial independence and impartiality.

Sensationalism in reporting on court cases, the publication of the identity of the suspects, showing pictures of detentions, etc., directly violates the constitutional principle of presumption of innocence under which a person charged with a criminal offense shall be presumed innocent until proved guilty by a final court decision.

In addition, it seems that it is forgotten that in the Code of Journalists, journalists commit themselves that the manner of informing about court proceedings must be free from sensationalizations, and that in the judicial procedures the principle of presumption of innocence should be respected, next, it should be reported about all the parties involved in the procedure and not to suggest a verdict (Article 8 of the Code of Journalists).

For instance, the Council of Honor of the Association of Journalists of Macedonia (AJM) reacts to the reporting of several media for the case "Pajazina" ("Spider web"), "Monstrum" ("Monster"), etc. The Council of Honor indicates that this kind of information is contrary to the ethical principles outlined in the Code of Journalists. The rules for reporting on suspects foresee that their faces should not be disclosed, and when broadcasting television recordings, the faces should be protected (with blurring)

Therefore, the paper aims to analyze the journalistic ethics on reporting on crime and delinquency, and particularly the violation of the principle of presumption of innocence by the media.

**KEYWORDS**: crime, delinquency, media sensationalism in reporting, presumption of innocence, Code of Journalists.



Проф. д-р Ненад Гавриловиќ*

# ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ЖИВОТНИ: СЕКТОРСКИ РЕЖИМ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

347.516:351.811.111.3
Рецензија – Изворна научна статија

## 1. ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Во домашниот систем на т.н. отштетно право, кодифициран во одредбите на ЗОО, штетите предизвикани од животни беа изречно уредени по неговата новелација извршена во 2008 година (Новела 2008). Ни ЗОО 1978, како сојузен пропис, ни ЗОО 2001, којшто го презеде претходниот во најголем дел (Галев и Дабовиќ-Анастасовска, 2001, стр. 7-8), не содржеа вакви правила. Правилата воведени со Новелата 2008, сепак, го претставуваат само т.н. општ режим на одговорноста за штета предизвикана од животни (Гавриловиќ, 2016, стр. 309-310), додека постојат и неколку т.н. секторски режими. Еден од нив е оној уреден со прописите за јавните патишта. Наведениот секторски режим е интересен од неколку аспекти. Најпрво, овој режим е поврзан со типичното место на настанување на штетата, а тоа е јавниот пат. Понатаму, во наведените ситуации примарната детерминанта на штетата не е дејството на животното, било ова *contra naturam* или не, туку самата штета настаната на јавен пат, што, меѓу другото, може да настане и со учество на животното. Во контекст на ова, бидејќи овие штети најчесто настануваат на моторни возила во движење по јавен пат, животното најчесто нема да дејствува во смисла на т.н. *contra naturam* тест. Конечно, секторските правила, во принцип, оперираат со овие штети како штети настанати на јавен пат, а не како штети предизвикани од животни. Животното, имено, е само еден од операторите што доведува до настанување на штетата.

Ваквата состојба на работите отвора неколку дилеми што ќе бидат тема на разработка во овој прилог. Основна негова хипотеза е дека животните, иако типични извори на штети на јавните патишта, не се, самите по себе или

* Доктор на правни науки, Вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.